**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 86, став 1, точка 1 од Законот за банките и член 59, став 1, точка 1 од Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на Седницата на Вонредното собрание, одржана на 17.12.2021 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на Банката се вршат следните измени и дополнувања:

1. Членот 12 се менува и гласи:

„Управниот одбор по добиена согласност од Надзорниот одбор на Банката може најмногу за пет години по уписот на основањето на Банката, односно за пет години по уписот на Одлуката за измена на Статутот во Трговскиот регистар, преку издавање нови акции врз основа на влогови, да ја зголеми основната главнина до определен номинален износ, во согласност со закон“.

2. Членот 46 се менува и гласи:

„(1) Банката во своето работење ќе ги преземе сите дејства и ќе постапува согласно со сите прописи за СППФТ.

(2) Вршењето на работата од став 1 на овој член Банката ќе го организира согласно со законските и подзаконските акти од оваа област“.

3. Членот 52 се менува и гласи:

„(1) Лица со посебни права и одговорности во Банката се членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор, Одборот за ревизија и Одборот за управување со ризици, согласно со законската регулатива.

(2) Мандатот, нивните надлежности, права, обврски и одговорности, начинот на именување и разрешување се утврдени во глава XIII од овој Статут.

(3) Освен лицата од став 1 на овој член, лица со посебни права и одговорности се и работниците со посебни права и одговорности, именувани од страна на Управниот одбор на Банката, како: директори на дирекции, директори на филијалии, лице одговорно за информативниот систем (ОСИС) и раководители на служби кои не се во склоп на дирекции, а согласно со Правилникот за внатрешна организација и систематизација, кој го донесува Управниот одбор, а го одобрува Надзорниот одбор на Банката, во согласност со прописите и со овој Статут.

(4) Управниот одбор за секоја промена на лицата со посебни права и одговорности ја известува Народната банка.

(5) Лице со посебни права и одговорности не може да биде лице:

1) член на Советот на Народната банка;

2) вработено во Народната банка;

3) на кое му е изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност;

4) поседува репутација со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на Банката;

5) кое не ги почитува одредбите од ЗБ и прописите донесени врз основа на тој закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од гувернерот, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на Банката;

6) член на Надзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија и Управен одбор на друга банка или вработен во друга банка, или

7) кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во банка или друго правно лице во кое била воведена администрација или над кое е отворена стечајна или ликвидациска постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување администрација, стечајна или ликвидациска постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување администрација, отворање стечај или спроведување ликвидациска постапка".

4. Во член 59, став 1, точка 2, зборот „извештајот" се заменува со зборовите „Годишниот извештај".

5. Во член 59, став 1, точка 6, по зборот „престанок" се додаваат зборовите „на работење".

6. Во член 59, став 1, точка 7, зборот „назначува" се заменува со зборовите „именува и разрешува".

7. Во член 59, став 1, точка 15, зборот „извештајот" се заменува со зборовите „Годишниот извештај".

8. Во член 59, став 1, по точка 17 се додава нова точка 18, која гласи:
„Ги одобрува работата и водењето на работењето со Банката на членовите на Управниот и на Надзорниот одбор на Банката",
а досегашната точка 18, сега станува точка 19.

9. Во член 60, ставот 2 се менува и гласи:

„Годишното собрание го свикува Надзорниот одбор најдоцна три месеца по составувањето на Годишната сметка, на финансиските извештаи и на Годишниот извештај за работата на Банката во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеци од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното Годишно собрание."

10. Во членот 62, став 2, во втората реченица, по зборовите „акционерска книга", се става запирка и се додаваат зборовите „којшто не е постар од три дена до денот на испраќање на поканата".

11. Во член 77, став 1, бројот „5" се заменува со зборот „пет".

12. Во член 88, став 3, точка 9 по зборот „Банката" се додаваат зборовите: „вклучувајќи ги и политиката со која се определува начинот на управување со ризикот од неусогласеност и спроведување на контролата на усогласеноста на работењето на Банката со прописите и политиката за користење услуги од надворешни лица".

13. Во член 88, став 3, по точка 38 се додаваат нови точки 39 и 40, кои гласат:
„39) го одобрува годишниот план на Службата за внатрешна ревизија;
40) ги разгледува извештаите на Службата за внатрешна ревизија;",
а досегашната точка 39, сега станува точка 41.

14. Во член 88, се додава нов став 13, кој гласи:

„Надзорниот одбор на Банката е должен да обезбеди Управниот одбор во посебен дел од Годишниот извештај за работењето на Банката да даде изјава за примена на Кодексот за корпоративно управување. Изјавата за примена на Кодексот за корпоративно управување е составен дел на Годишниот извештај за работењето на Банката.“

15. Во член 93, став 1, зборот „пет“ се заменува со зборот „шест“.

16. Во член 93, став 3, по алинеа еден се додава нова алинеа два, која гласи: „-Членот на Управниот одбор на Банката кој е надлежен за ресорот Бизнис;“.

17. Во член 99, се додава нов став 6, кој гласи:
„Одборот за ревизија донесува Деловник за работа што го одобрува Надзорниот одбор на Банката“.

18. Во член 100, се додаваат нови ставови 6 и 7 кои гласат:

(6) „Одборот за ревизија на Банката може да одржи состанок, односно неговите членови можат да учествуваат и да одлучуваат на состанокот организиран со користење конференциска телефонска врска или со друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите членови кои учествуваат на така организираниот состанок можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг.

(7) Членовите на Одборот за ревизија на Банката можат да одлучуваат и без одржување состанок под услови сите членови на Одбор за ревизија да дадат согласност за одлуката којашто се донесува без одржување состанок“.
Досегашниот став 6, сега станува став 8.

19. Во член 112, став 2, точка а) се менува и гласи:

„Одлучува за засновање и престанок на работен однос, за распоредување, наградување, дисциплинска и материјална одговорност на работниците, утврдување паричен и друг вид надоместок согласно со законските прописи и интерните акти на Банката“.

20. Во член 113, ставот 3 се менува и гласи:

„Управниот одбор е должен веднаш да го извести Надзорниот одбор за:

1) влошена ликвидност или солвентност на Банката;

2) постоење основ за укинување на дозволата за основање и работење или за забрана за извршување одредена финансиска активност, согласно со закон;

3) намалување на сопствените средства под пропишаното ниво во согласност со Законот за банките;

4) наодите на супервизијата и надзорот на Народната банка, и

5) наодите на Управата за јавни приходи и други контролни органи“.

21. Во член 113, се додаваат нови ставови 4,5 и 6, кои гласат:

„(4) За случаите од ставот, 3, точки 1, 2 и 3 на овој член Надзорниот одбор на Банката е должен веднаш да ја извести Народната банка.

(5) За наодот од ставот 3, точка 5 на овој член Надзорниот одбор на Банката е должен веднаш да ја извести Народната банка, доколку наодите имаат значително влијание врз финансиската состојба на Банката.

(6) Член на Управниот одбор е должен веднаш да го извести Надзорниот одбор ако тој или со него поврзани лица стекнат контрола во друго правно лице“.

22. Во член 120, се додава нов став 3, кој гласи:
„Покрај активностите наведени во ставот 2 на овој член, Службата за внатрешна ревизија врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Банката и преку следење на усогласеноста на организацијата и дејствувањето на Банката во согласност со Кодексот за корпоративно управување".
Досегашните ставови 3, 4 и 5 сега стануваат став 4, 5 и 6.

23. Член 125, се менува и гласи:
„Кредитниот одбор е стручен орган надлежен за исполнување на Правилата за кредитна активност на Банката, одобрена од Надзорниот одбор на Банката. Врши оценка на кредитниот ризик при одлучување за одобрување, промена на условите и реструктурирање на кредитните изложености, коишто според износот и надлежноста ги надминува дадените овластувања на директорите/раководителите на соодветните организациски единици и делови на Банката.

24. Во член 126 се брише ставот 3.
Став 4 станува став 3, став 5 станува став 4, став 6 станува став 5, став 7 станува став 6 и став 8 станува став 7.

25. Во член 126 во новиот став 7 по зборот „препораки" се додаваат зборовите „со обично мнозинство од присутните членови".

26. Во член 127, ставот 2, се менува и гласи:
„Кредитниот одбор има надлежност да ја контролира работата на соодветните организациски единици и делови на Банката, коишто вршат работа на кредитирање и анализа и управување со кредитниот ризик, а во врска со објективноста и веродостојноста на добиените информации, направените анализи и мислењата по барањата за одобрување кредити и други кредитни изложености, за промена на условите и реструктуирање на тие изложености".

27. Во член 127, став 3, се менува точка 3 и гласи:
„Утврдува предлози за основаност на кредитните барања и ги доставува до Управниот одбор на Банката или Надзорниот одбор на Банката за донесување конечна одлука".

28. Во член 127, став 3, се менува точка 4 и гласи:
„По потреба, бара дополнителни информации од соодветните организациски единици и делови на Банката, кои учествуваат во изготвување на документацијата содржана во кредитното досие".

29. Во член 127, став 3, точка 5 се бришат зборовите „на производните услови на кредитобарателот и".

30. Во член 127, ставот 4 се менува и гласи:
„Разгледува предлози и дава мислења за менување услови на веќе одобрени кредити и други кредитни изложености од соодветните организациски единици и делови на Банката."

31. Во член 127 се менува став 5 и гласи:
„Предлага одбивање на неоснованите барања за кредит, издавање банкарска гаранција, менување услови на кредитна изложеност и други кредитни барања и ги доставува на одобрување до Управниот одбор".

32. Во член 127, став 6 зборовите „здружување на Банката со други банки за заедничко издавање на кредити“ се менуваат со „учество на Банката во взаемно издавање кредити со други банки“.

33. Во член 127, став 8 зборовите „внатрешно-нормативните“ се заменуваат со зборовите „интерните“.

34. Во член 128 се бришат точките 1), 2), 3) и 4), а точката 5) станува точка 1) и точка 6) станува точка 2).

Новата точка 1 се менува и гласи „Изготвува записник од седницата на Кредитниот одбор и се грижи за обезбедување на оригиналниот примерок“.

Новата точка 2 се менува и гласи „Должен е да води грижа за заштитата и за чувањето на соодветните записници од седниците“.

35. Во член 129, став 1 зборовите „се состанува најмалку“ се заменуваат со зборовите „не помалку од“.

36. Во член 129 се додава нов став 3, кој гласи: „Поблиските одредби за работата на Кредитниот одбор на Банката се утврдуваат со Правилникот за работа на Кредитниот одбор“.

37. Во член 130, став 2 зборовите „службеници на Банката, како и претставници на кредитобарателите“ се заменуваат со зборовите „лица, по предлог на претседателот на Кредитниот одбор“.

38. Во член 130, ставот 3 се менува и гласи:
„Членовите на Кредитниот одбор по разгледување и анализирање на кредитното досие на седницата, одлучуваат и утврдуваат предлог кој се доставува до Управниот одбор или Надзорниот одбор на Банката за конечна одлука“.

**Член 2**

Собранието на акционери на Банката го овластува Надзорниот одбор на Банката да изврши промени и дополнување во оваа Одлука, по евентуалните забелешки на Народна Банка на РСМ во постапката за добивање Решение за претходна согласност за измена на Статут, кои измени ќе бидат одразени во пречистен текст на Статутот, кој Надзорниот одбор на Банката ќе го изготви и потпише по добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ.

**Член 3**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ.

***Образложение***

Постапувајќи по писмениот допис бр.15-6119/1, од 24.2.2020 година, доставен од Народна банка на РСМ и одговорот на дописот, доставен од страна на Банката, со прилог на План за активности за усогласување, изготвен од страна на Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите, како и потребата од постојана усогласеност на Статутот со релевантната законска и подзаконска регулатива со којашто се уредува

работењето на банките, произлезе потребата да се измени и дополни Статутот на Банката.

Согласно со Планот за активности за усогласување, измената и дополнувањето на Статутот, односно усогласување со регулативата се врши согласно со Законот за банките, Законот за трговските друштва, *Законот за спречување перење пари* и финансирање тероризам, Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка на НБРСМ.

Исто така, направени се измени и дополнувања на Статутот кои значат изедначување на терминологија во истиот и во значењето на одредени изрази употребени во истиот и во актите на Банката: Правилник за внатрешна организација и систематизација на ЦКБ АД Скопје, Правилник за работа на Кредитен одбор во ЦКБ АД Скопје, Правилник за работа на Надзорниот одбор, Деловник за работа на Одборот за ревизија, Одлука за именување членови на Надзорниот одбор, Одлука за именување членови на Одборот за управување со ризици, како и измени заради јазична редакција на текстот.

Од погоре наведените причини, следуваше Надзорниот одбор да одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Собрание на акционери,**
**претседавач с.р.:**